РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 03 - 359/4
4.3 2022 год./vit
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

[redacted]
Скопје

Предмет: Одговор на барањето за слободен пристап до информации, со наш број 03-359/1 од 23.2.2022 година

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101 од 22.5.2019 година), Ви доставуваме одговор на Вашето барање.

Го разгледавме Вашето барање и Ви ја доставуваме бараната информација која се однесува на барање:

- Дали се изработени модули и дали се реализирани обуки за превенција од родово базирано насилство и семејно насилство во партнерство за Министерството за труд и социјална политиа, Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието?
- Во Бирото за развој на образованието не се подготвени, ниту реализирани обуки за превенција од родово базирано насилство и семејно насилство во партнерство со Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука.

Биро за развој на образованието

(Службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер – Ирена Борисовска)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 03-359/3
4.3 2022 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

[redacted]

Предмет: Одговор на барањето за слободен пристап до информации, со наш број 03-359/1 од 23.2.2022 година

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101 од 22.5.2019 година), Ви го доставуваме одговорот на барање кое го испративте до Бирото, а се однесува на:

- Дали се изработени модули и дали се реализирани обуки за превенција од родово базирано насилство и семејно насилство во партнерство со Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието?

Како прилог на овој допис Ви го испраќаме одговорот кој го испративме до барателот односно [redacted] илство врз жените и семејно насилств[redacted]о адреса на ул.„Коста Кирков" бр.5/1-9а [redacted]

Бир[redacted] на образованието

(Службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер – Ирена Борисовска)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 03-359/2
4.3 2022 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр. 101/19), член 20 став 1 од Законот за Бирото за развој на образованието („Службен весник на РМ” бр. 37/06, 142/08, 148/09, 69/13, 120/13, 148/13, 41/14, 30/16 и 64/18), член 22 од Правилникот за внатрешна организација во Бирото за развој на образованието бр. 01-970/1 од 18.06.2015 година, и Решението за определување службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 02-135/1 од 30.01.2020 година, се донесе

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува барањето за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-359/1 од 23.2.2022 година од барателот На[redacted]оз жените и [redacted] бр.5/1-9а Скопје, кое во Бирото за развој на образованието беше испратено преку Министерството за правда, со нивен број УП 1 бр.19-379/2022

1. Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

- На 23.2.2022 година до Бирото за развој на образованието, беше доставено барање дали се изработени модули и дали се реализирани обуки за превенција од родово базирано насилство и семејно насилство во партнерство со Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука.

2. Барањето се разгледа од страна на овластеното лице и се констатира дека истото е основано.
   Имајќи го предвид горенаведеното се донесе решение како во диспозитивот.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Барателот
- Архивата

Службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер

Ирена Борисовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCES
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 03-359/3
4.3 2022 година
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

До
Министерство за правда
Сектор за општи работи
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр.9
Скопје

Предмет: Одговор на барањето за слободен пристап до информации, со наш број 03-359/1 од 23.2.2022 година

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101 од 22.5.2019 година), Ви го доставуваме одговорот на барање кое го испративте до Бирото, а се однесува на:

- Дали се изработени модули и дали се реализирани обуки за превенција од родово базирано насилство и семејно насилство во партнерство со Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието?

Како прилог на овој допис Ви го испраќаме одговорот кој го испративме до барателот односно Националната Мрежа против насилство врз жените и семејно насилство врз жените и семејно насилство, со адреса на ул.„Коста Кирков“ бр.5/1-9а Скопје.

Биро за развој на образованието

(Службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер – Ирена Борисовска)

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

Ирена Б.

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**Биро за развој на образование**
**ул. „Руѓер Бошковиќ“ бр 20**
**Скопје**

УП1бр.19-379/2022
Скопје 21-02-2022 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCES
Byroja e zhvillimit të arsimit
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 23.2.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един: Nj. org | Број: Numri: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 359/1 | 1 зл. | |

ПРЕДМЕТ: Достава на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Министерството за правда, во прилог на овој допис, на Ваше натамошно постапување Ви го доставува Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер доставено од Националната Мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, со адреса на ул. „Коста Кирков“ бр.5/1-9а- Скопје, заведено во Министерството како УП1 бр.19-379/2022 за точка 2 ЦЕЛ 3 од Барањето, односно за превенција на родово базирано насилство преку општи обуки и модули за спроведување на тие обуки.

Барањето Ви се доставува согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101 /19).

Со почит,

Архивски знак. ______
Рок на чување. ______
______ 20__ год.
Потпис,

**ПРИЛОГ: Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер УП1 бр.19-379/2022 од 18.02.2022**

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ ЗА ПРАВДА
Раководител на сектор
Славица Матевска Скаловска

Република Северна Македонија - Министерство за правда - Republika e Maqedonisë së Veriut - Ministria e Drejtësisë - Скопје - Shkup


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство
Ул. Коста Кирков бр.5/1-9А
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.02/609-0066
coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk
glasprotivnasilstvo.org.mk

УП1 19-379/2022

359/1

Архивски знак. ______
Рок на чување. ______
______ 20___год.
Потпис,

До
Министерство за правда

ПРЕДМЕТ: Барање на информации од јавен карактер

Почитувани,

Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство – Глас против насилството, во рамките на проектот ,,На пат кон ЕУ: Спречување на насилството врз жените во согласност со ЕУ стандардите" спроведува мониторинг на Националниот акциски план за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејно насилство (Истанбулска Конвенција). Владата на Република Северна Македонија на деведесет и третата седница одржана на 9.10.2018 година го усвои Националниот акциски план за имплементација на Истанбулската Конвенција (2018-2023) и ги задолжи сите надлежни министерства и релевантни институции да подготват годишни Оперативни планови за спроведување на активностите од НАП-от и да ги објават на своите ВЕБ страници.
**Во декември 2020 година Националната Мрежа против насилство врз жените и семејно насилство го публикува Извештајот за напредокот на Р.Северна Македонија при спроведувањето на националниот Акциски План (2018-2023) за имплементација на Истанбулската Конвенција за период од 2 (две) години и тоа од октомври 2018 до октомври 2020 година** http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2021/02/NAP-finalen.pdf.

Дополнително подготви уште еден мониторинг извештај кој се однесува за периодот од ноември 2020 заклучно до мај 2021 година.

**Во насока на спроведување на гореспоменатиот мониторинг, Национална мрежа има потреба од пристап до информации од јавен карактер во врска со спроведувањето на активностите предвидени во годишниот оперативен план за имплементација на ИК од јуни 2021г заклучно со декември 2021 година.**

Врз основа на ова, согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/19) бараме одговор на долунаведените прашања:

1. **Согласно предвидените обврски и активности кои вие како надлежна институција сте задолжени да ги спроведете или да ги подржите и се предвидени во НАП-от(2018-2023), а и согласно годишниот оперативен план за 2021, ве замолуваме да ни доставите известување дали се спроведени сите активностите предвидени во годишниот план за работа од 2019 година и кои дополнително активности ги реализиравте за 2020 година и 2021 година?**

2. **По добиен ваш одговор по барање за пристап до информации од јавен карактер УП1 бр. 19-1326/2021 од 16.06.2021 година за активностите кои требаше да се реализираат согласно Националниот Акциски План за кои вие како Министерство сте надлежни, за нивниот статус добивме одговор дека се во ТЕК. Ве замолуваме да ни доставете информации дали ги реализиравте предвидените активности и доколку не се**

Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство

Ул. Коста Кирков бр.5/1-9А
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.02/609-0066
coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk
glasprotivnasilstvo.org.mk

реализирани да не информирате зошто и кога и како се планира нивно спроведување и тоа:

Согласно ЦЕЛ 1-Усогласување на националните закони со одредбите на Конвенцијата носители сте на следните активности:

- Измени и дополнување на Кривичниот Законик-времска рамка за реализација 2019 г-ве молам наведете до каде е спроведувањето на оваа активност и што е предвидено да биде криминализирано?
- Донесување Закон за обесштетување на жртвите на кривични дела-временска рамка за реализација 2019 година-Ве молам наведете до каде е спроведувањето на оваа активност и што ќе регулира законското решение?
- Измена и дополнување на Законот за кривична постапка- времска рамка за реализација 2019 г-ве молам наведете до каде е спроведувањето на оваа активност и што е предвидено да биде дорегулирано?
- Измена на Законот за прекршоци против јавниот ред и мир-временска рамка за реализација 2019 година- ве молам наведете до каде е спроведувањето на оваа активност и што е предвидено да биде изменто/укинато?
- Измена и дополнување на Судскиот деловник -времска рамка за реализација 2019 г-ве молам наведете до каде е спроведувањето на оваа активност и што е предвидено да биде вклучено во измените и дополнувањата?

Согласно ЦЕЛ 3-Превенција родово базирано насилство и семејно насилство во партнерство со МТСП, МОН/БРО треба да се спроведат општи обуки за РБН како и да се изработат модули за одржување на тие обуки. Временска рамка за подготовка на модулите е втора половина на 2019 година.

Ве молам наведете дали се изработени модули? Доколку одговорот е ДА ве молам наведете кое/и лице/лица ги подготвија модулите.

Дополнително доколку е започната реализацијата на обуките ве молам наведете колку обуки се одржани, колку лица успешно ги поминале обуките како и кои лице биле ангажирани да ги одржат обуките? Освен општи обуки за вработени во Министерството и подрачните канцеларии, дали се подготвени модули за обуки за даватели на услуги? Ако одговорот е ДА, ве молиме наведете кој ги подготви модулите и кој ги спроведе обуките за даватели на услуги. Дополнително колку лица се опфатени во овие обуки од вашето Министерство?

3. Во согласност со чл.16 Од Истанбулската Конвенција Министерството за правда во соработка со други релевантни институции е надлежно за донесување на превентивни програми. Ве молам наведете дали е донесена програма за сторители на сексуални кривични дела? Доколку одговорот е ДА во прилог доставете ја или прикачете линк од истата.
4. Ве молам наведете број на поднесени барања за иницијална и секундарна правна помош во период од 2018 заклучно со 2021 година. Податоците поделете ги според пол/род на барател, возраст, место на живеење, како и на одобрени барања на жртви на родово базирано и семејно насилство во постапката за изрекување на привремени мерки за заштита за 2019,2020 и 2021 година.

Доколку имате дополнителни информации или прашање ве замолуваме да ги контактирате електронски лицето за контакт и тоа:

Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство

Ул. Коста Кирков бр.5/1-9А
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.02/609-0068
coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk
glasprotivnasilstvo.org.mk

**Ана Аврамоска Нушкова** avramoska@glasprotivnasilstvo.org.mk

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија

**√ електронски запис**

- д) друго ____________________

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс

**√ г) е-маил**

- д) друго ____________________

Ве замолуваме бараните податоци доставете ни ги по електронски пат на следнава e-mail адреса: coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk.

Скопје,11.02.2021година

**Ви благодариме за соработката,**

За Национална Мрежа против насилство врз жените и семејно насилсто

Елена Димушевска

--------------------------------